РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
08-59/1
10.01.2014
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Општина Пехчево, на ден 10.01.2014 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ локална стратегија за климатски промени кој го донесува градоначалникот на општина Пехчево потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ локална стратегија за климатски промени се определуваат следните: јавни институции во општина Пехчево, месни заедници на населените места, здруженија на граѓани (во областа на заштита на животната средина, заштита на природата, заштита на водите, развој на пчеларство и ловечки друштва), локалниот бизнис сектор.
3. За планскиот документ локална стратегија за климатски промени, за чија изработка е одговорено ЗГ - Центар Амброзија, а го донесува градоначалникот на општина Пехчево, донесувањето на планскиот документ локална стратегија за климатски промени ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Влијание врз население и човеково здравје, влијание врз социо-економска состојба, влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух, влијание врз квалитетот на површински и подземни води, влијание врз почва, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна, влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии и прекугранично влијание.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Пехчево на следната веб адреса/и: www.pehcevo.gov.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.
Место Општина Пехчево

Име и презиме

Г-дин Игор Поповски,
Градоначалник на општина Пехчево

03-59/2
10. 01. 2014

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Борис Кидрич 8 2326 Пехчево Република Македонија
Тел/факс ++389 033 44 13 21 + +389 033 44 1 322
e-mail: opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

Целта на локалната стратегија за климатски промени за општина Пехчево е зголемување на капацитетот за прилагодување кон климатските промени преку подобрување на локалната политика за животната средина во однос на климатските промени, намалување на емисиите на стакленички гасови од страна на општините, зголемена отпорност на општинските чинители кон климатските промени и зголемување на свеста на граѓаните за климатските промени.

Конкретни цели:

**ВРЕДНОСТ: Реката Брегалница со нејзините притоки**
ЦЕЛИ:
•Задоволување на потребите со квалитетна вода за пиење
•Задоволување на потребите со вода за поење на добитокот
•Задоволување на потребите со вода за наводнување на земјоделските површини

**ВРЕДНОСТ: Реката Писа (Пехчевска Река)**
ЦЕЛИ:
•Канализирање на останатиот дел од Писа во градот Пехчево и надвор од него
•Одржување на постојаност на водниот режим на реката Писа
•Средување на кејот на Писа во Централното градско подрачје
•Задоволување на потребите со квалитетна вода за пиење

**ВРЕДНОСТ: Река Желевица**
ЦЕЛИ:
•Рационално искористување на расположливите водни ресурси
•Уредување на коритото и текот на Река Желевица

**ВРЕДНОСТ: Шумски комплекс Малешевски планини**
ЦЕЛИ:
•Пошумување на максимално расположливи површини и заштита од пожари
•Одстранување на сите потенцијални загадувачи кои сепоследица на шумските пожари
•максимално икористување на дрвниот потенцијал

**ВРЕДНОСТ: Планински пасишта на Малешевските Планини**
ЦЕЛИ:
•Контролирано природно ширење на шумите

•Зачувување на планинските пасишта
•Овозможување на услови за живот на дивиот животински свет
**ВРЕДНОСТ: Борова шума Равно борје**
ЦЕЛИ:
•Пошумување на непошумените површини со прилагодливи видови дрвја
•Подигање на свеста кај луѓето за правилно собирање на печурки, лековити билки и шумски плодови
•Свесно искористување на благодетите на природата

**ВРЕДНОСТ: Обработливо земјоделско земјиште**
ЦЕЛИ:
•Соодветен третман на земјоделските производи
•Зголемување на површините со соодветни сорти на житни култури
•Обучување на земјоделците за начин на прилагодување кон временските услови
**ВРЕДНОСТ: Еколошки произведена храна**
ЦЕЛИ:
•Зголемување на количините на еколошка храна
•Зголемено производство на еколошки култури
•Создавање на услови за производство на еколошки производи
**ВРЕДНОСТ: Овошни насади (слива, вишна)**
ЦЕЛИ:
•Соодветен третман на овошните насади за заштита од болести
•Организирано производство и пласман
•Прилагодување на варијабилноста на климатските параметри

Градоначалник,
Игор Поповски

03-59/3
10. 01. 2014 год.
ПЕХЧЕВО

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Локална стратегија за управување со климатски промени |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ЗГ - Центар Амброзија - Пехчево |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Пехчево,<br>Совет на Општина Пехчево |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | 1. Ирена Каракутовска - Центар Амброзија - Пехчево<br>2. Светлана Стамболиска - контакт лице од општината |
| Назив на работното место | 1. координатор на проект од Центар Амброзија Пехчево<br>2. контакт лице од општината, Советник - Овластен инспектор за животна средина |
| Контакт податоци за лицето | 1. тел: 071 373 542 е-маил: irena_krakutovska@yahoo.com<br>2. тел: 075 467 501 е-маил: svetlana_pehcevo@yahoo.com |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Согласно Член 65 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11, 123/12, 93/13) и Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да☒
Не☐

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

/

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

ДА. Плански документ кој опфаќа повеќе области кои ги тангираат климатските промени (шумарство, земјоделие, управување со води, отпад и др)

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 1,<br>2,<br>11 | Алинеја: 1,2,6<br>2,3,4<br>1,6,7 |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

ДА. Проекти кои што произлегуваат како решенија на детектираните проблеми во општина Пехчево, како на пример:

1. Проекти за зафати за обезбедување на доволни количини води за задоволување на потребите со квалитетна вода за пиење, задоволување на потребите со вода за поење на добитокот и задоволување на потребите со вода за наводнување на земјоделските површини, проекти за доизградба на канализациска мрежа (фекална и атмосферска), проекти за уредување на речните корита и кејот во централното подрачје на Општина Пехчево.
2. Проекти за пошумување на голи површини и заштита од пожари, проекти за заштита и унапредување на пасиштата, проекти-кампањи за совесно и правилно собирање на лековитите билки, шумски плодови и печурки.
3. Проекти за соодветен третман на земјоделските производи, проекти за зголемување на површините со соодветни сорти на житни култури, проекти-кампањи за еколошко производство и зголемување на количините на еколошка храна.

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

НЕ

| |
|---|
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта на локалната стратегија за климатски промени е зголемување на капацитетот за прилагодување кон климатските промени преку подобрување на локалната политика за животната средина во однос на климатските промени, намалување на емисиите на стакленички гасови од страна на општините, зголемена отпорност на општинските чинители кон климатските промени и зголемување на свеста на граѓаните за климатските промени. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| - заштита на води и водни ресурси - Одржливо управување со водните ресурси во О.Пехчево<br>- користење на земјоделско земјиште - заштита и развој на локални земјоделски производи и производство на еколошка храна<br>- заштита на шумси и пасишта - контролирано пошумување на голини, заштита на пасишта и одржливо користење на благодетите (билки, плодови, и др) |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2014 - 2020 година |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| По истекот на пропишаниот плански период |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Општина Пехчево се протега во најисточниот дел на Република Македонија, помеѓу 41°41` и 41°52` СГШ и 23°45` и 23°02` ИГД, и зафаќа површина од 208,2 км2. На југозапад се граничи со Општина Берово, на северозапад со Општина Делчево, додека на исток се граничи со Република Бугарија.Според последниот официјален попис на населението и домаќинствата во Република Македонија, на територијата на општина Пехчево живееле 5.517 жители. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува реализација на проекти кои ќе бидат предмет на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (ОВЖС), што значи дека се очекува да имаат некакви негативни влијанија врз живптната средина.<br>Влијанијата за кои се претпоставува дека може да произлезат при имплементација на локалната стратегија за климатски промени, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија кои се манифестираат преку подобрено управување (справување) со климатските промени. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Со усвојување на планскиот документ ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз ппчвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Во фазата на експлоатација на објектите не се очекуваат позначителни негативни влијанија поради карактерот на проектите кои се насочени кон одрживо искористување на ресурсите. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Од проектите не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини - не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | НЕМА |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | При реализацијата на планскиот документ не се очекуваат ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи и хаварии кои би можеле да се случат. Од природни непогоди кои може ќе имаат влијанија се земјотреси, поплави, силни ветрови, и др. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Просторниот обем и опсег на влијанијата може да се каже дека се ограничени на територијата на општина Пехчево. |

| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: |
| --- |
| Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на теренот, планските одредби од Просторниот План изработен претходно споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот плански документ. Планот предвидува реализирање на проекти кои се во функција на справување и подобрување на состојбата со климатските промени, пред се преку намалување на емисиите на стакленички гасови од секторот шумарство и земјоделие. |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Како вредности се дефинирани: шуми и пасишта, води и водни ресурси и земјоделски производи и еколошка здрава храна |

| | |
| --- | --- |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На 4 km од Пехчево, во месноста „Света Петка" се наоѓа истоимениот археолошки локалитет, односно старо-христијанската црква со камбанарија.<br>Во близина на туристчката населба „Равна река" се наоѓаат познатите Пехчевски водопади (Спиковски водопади, Дебел рид и Црн дол).<br>На само неколку километри од Пехчево во подножјето на планината Буковик се наоѓа паркот на природата „Јудови ливади" кој се одликува со единствена флора на територијата на општина Пехчево и пошироко, а тоа е растението Drosera Rotundiflorija, месојадно растение, кое претставува локален ендем и ретко се среќава на територијата на Р. Македонија, но и на Балканот.<br>Изворишниот дел на реката Брегалница и подножјето на Малешевските Планини се одликуваат со прекрасна природа, недопрени шумски предели, бројни водотеци и водопади.<br>Реализацијата на планскиот документ нема да претставува закана за културното наследство, а пак ќе претставува бенефит за природното наследство бидејќи една од целите на документот е заштита и унапредување на шумските површини и пасиштата на Р.Македонија. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | При реализација на планскиот документ, односно реализација на проектните содржини, можни се евентуални влијанија во фаза на изградба на поедини објекти и тие се манифестираат како емисии во воздух, прашина, емисии во вода, бучава, отпад.<br>Во фаза на експлоатација на планираните објекти не се очекуваат некои позначителни нарушувања. |
| Интензивна употреба на земјиштето | ДА. Земјоделието и сточарството во овој регион е една од поголемите стопански гранки. Големата површина |

| | |
|---|---|
| | на земјоделско обработливо земјиште како и квалитетните пасишта во овој предел им овозможуваат на луѓето да се занимаваат со оваа гранка. Меѓутоа во последниот период интересот за овие гранки кај населението е се помал, поради немање на доволни количини на вода, мали годишни приноси како резултат на временски неприлики и слаб пласман на производите како најбитен фактор. Една од целите на оваа стратегија е заштита на локалните земјоделски производи, производство на еколошки здрава храна и зголемување на пласманот. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Во фаза на изградба на планираните проекти се можни негативни влијанија од типот на емисии во воздух, вода, почва, бучава, создавање на отпад. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Во планскиот документ се наведени планирани проекти кои имаат за цел да придонесат кон управувањето со климатските промени на локално ниво, преку реализирање на проекти за одржливо искористување на ресурси (вода и водни ресурси, локални земјоделски производи и заштита и унапредување на постоечките шуми и пасишта и засадување на нови зелени појаси). Во понатамошна фаза кога поконкретно ќе бидат дефинирани и планирани проектите ќе се одреди кои од нив ќе подлежат на постапка за ОВЖС.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Општина Пехчево се протега во најисточниот дел на Република Македонија, помеѓу 41°41` и 41°52` СГШ и 23°45` и 23°02` ИГД, и зафаќа површина од 208,2 км2. На југозапад се граничи со Општина Берово, на северозапад со Општина Делчево, додека на исток се граничи со Република Бугарија.Според последниот официјален попис на населението и домаќинствата во Република Македонија, на територијата на општина Пехчево живееле 5.517 жители. Влијанија од спроведувањето на одделни проекти се можни во фаза на изградба на планираните објекти, додека во фазата на екплоатација генерално влијанијата се оценуваат како неназчителни.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Самиот назив на планскиот документ локална стратегија за управување со климатски промени, како и поединечните цели кои се однесуваат на заштита и рационално искористување на ресурсите (вода и водни ресурси, локални земјоделски производи и заштита и унапредување на постоечките шуми и пасишта и засадување на нови зелени појаси), како и предложените проекти за исполнување на овие цели се во во функција

| |
|---|
| на одржлив развој и заштита на животната средина. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Еколошките проблеми во овој плански документ се дефинирани со малку поразличен пристап, и тие произлегуваат од утврдените вредности на заедницата кои треба да бидат заштитени и унапредни преку реализацијата на овој документ и планираните проектни содржини во него.<br>Проблеми кои се детектирани во однос на вредноста ВОДИ И ВОДНИ РЕСУРСИ се: немање доволно количество на вода за задоволување на потребите на населението, немање доволно количество на вода за поење на добитокот (се користи питка вода), немање на посебен систем за наводнување (се користи водата за пиење), немање на доволно вода во реките и неканализирање на коритата, немање на доволно вода во реките во летниот период, неодржливост и невложување во реконструкција на кејот, чести излевања на реките и поплави.<br>За решавање на овие проблеми во стратегијата постојат мерки за постигнување на развојната цел – заштита на вода и водните ресурси во О.Пехчево, преку рационално искористување на расплошливите водни ресурси и анализа на можни зафати за водоснабдување, уредување на речните корита и кејот во централното подрачје, одржување на постојан воден режим, проекти за заштита од поплави, доизградба на канализационата мрежа во сите населени места и др.<br>Проблеми кои се детектирани во однос на вредноста ШУМСКИ КОМПЛЕКСИ И ПАСИШТА се: намалени површини под шуми и пасишта, намален простор за живеење и развивање на биолошката разновидност, губење на богатиот фонд на див животински свет, несовесно и неправилно собирање на лековитите билки, шумски плодови и печурки. За решавање на овие проблеми во стратегијата предвидени се мерки за постигнување на целта, како што се на пример: пошумување на максимално расположливи површини и заштита од пожари, отстранување на сите потенцијални загадувачи кои се последица на шумските пожари, максимално икористување на дрвниот потенцијал, контролирано природно ширење на шумите, овозможување на услови за живот на дивиот животински свет, подигање на свеста кај луѓето за правилно собирање на печурки, лековити билки и шумски плодови, и др.<br>Проблеми кои се детектирани во однос на вредноста ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ, се: немање на пласман за продажба на компирот и други земјоделски производи, мал принос од житни култури по хектар годишно, намален квалитет и чести заболувања кај овошните насади (слива), неконтролирано производство и неводење сметка за потребните количини и овозможувачки капацитети, голема променливост на приносите и квалитетот на плодовите, и др. За решавање на овие проблеми во стратегијата се предвидени мерки, како на пр: соодветен третман на земјоделските производи, зголемување на површините со соодветни сорти на житни култури, намалување на заболувањата на овошните насади, воведување на добри практики за органско земјоделие, и др. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете |

ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Во овој случај станува збор за мала општина која што нема голем фонд на пишани стратешки (плански) документи изработени и усвоени на локално ниво, но сепак доколку се разгледаат локалните планови и програми, како што се: Локален еколошки акционен план за општина Пехчево - ЛЕАП, Стратегија за Локален економски развој, Програма за работа на Одделението за животна среднина, Студија за природните ресурси и подрачја загрозени од природни непогоди во општината Пехчево, Студија – Биодиверзитет на Малешевските Планини, Предлог – Програма за енергетска ефикасност на општина Пехчево, може да се заклучи дека конретните развојни цели се содржат во горе наведените документи. Исто така доколку се направи споредба со планските документи на повисоко хиерархиско ниво - регионално и национално ниво - ќе се утврди дека стратегијата е во корелација со Просторниот план на РМ, Националната Стратегија за земјоделство и рурален развој (2007 - 2013), Националната стратегија за води (2012 - 2042), Стратегија за енергетска ефикасност на Р. Македонија, Стратегија за искористувањето на обновливите извори на енергија во Р. Македонија до 2020 година, Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година, Стратегија и Национален План за управување со отпад и др.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Бидејќи изготвувањето на локалната стратегија за управување со климатски промени се изготвуваше паралелно со Извештајот за стратегиска оцена, за секоја предложена мерка за надминување на проблемот беше правено анализа кои се негативните и позитивните влијанија од реализирање на секоја поединечна мерка, и се правеа максимални напори за добивање на некој баланс и максимално намалување на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Бидејќи во планскиот документ се наведени повеќе проекти кои би требало да се реализираат со цел да се постигне одржливо искористување на ресурсите, секој проект пред негово реализирање ќе биде предмет на детална ОВЖС (елаборат или студија во зависност од карактеристиките и обемот на проектите).

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Пехчево<br>Г-дин Игор Поповски |
| Датум<br>Место Општина Пехчево | М.П. |

03-59/5
10. 01. 2014

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Борис Кидрич 8 2326 Пехчево Република Македонија
Тел/факс ++389 033 44 13 21 + +389 033 44 1 322
e-mail: opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk




,

Градоначалник,
Игор Поповски